Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-30/3
07.06.2023, Скопје

За потребите на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство", финансиран од Европската комисија, преку ИПА програмата – IPA 2020 EU FOR RULE OF LAW – EU Support for Enhancing Journalists Rights (Број на грант: IPA/2022/439-258), а имплементиран од страна на Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ и Институтот за човекови права, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА 1/2023

за ангажирање на експерти за изработка на водич за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумската работа

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство" (финансиран од Европската комисија, преку ИПА програмата – IPA 2020 EU FOR RULE OF LAW – EU Support for Enhancing Journalists Rights) има потреба од **ангажирање на двајца експерти за изработка на водич за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумската работа,** кој ќе биде неопходен за успешно реализирање на целите на проектот.

2. Опис на активностите:
   - Анализирање на ПЗЧП, селектирање на релевантна литература, издвојување на релевантните принципи и стандарди на ПЗЧП, како и теоретски концепти кои се важни за разбирање на ПЗЧП;
   - Изготвување на водичот кои ќе вклучи принципите и стандардите поставени од ПЗЧП и ќе ги примени на медиумската работа преку конкретни примери и насоки за истражување и известување.

   Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 1/2023 која е дел од овој повик.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Временската рамка за реализација на услугата е во период од јуни 2023 до август 2023.

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраните експерти за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 1/2023.

5. Понудата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и искуство;
   - Финансиска понуда.

6. Изборот на експертите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	Максимум можни бодови
Образование	20
Искуство	40
Вкупно бодови	**60**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	60
Просечна оценка за финансиска евалуација	40
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок. Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата и доставување на бараниот материјал.

8. Начин на доставување на понудата

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов е-маил: marija.chekredji@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **19.06.2023 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса marija.chekredji@ihr.org.mk најдоцна до **15.06.2023 година**.

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Марија Чекреџи,
Институт за човекови права